# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ РЕЗУЛТАТОТ ОД ВОНТЕЛЕСНОТО ОПЛОДУВАЊЕ” ОД ДОЦ. Д-Р ЗОРАНЧО ПЕТАНОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-207/16 од 206. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 11.9.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Глигор Димитров, вонреден професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– проф. д-р Ѓорѓи Бабушку, редовен професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– проф. д-р Милка Здравковска, редовен професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис, монографија

„Фактори кои влијаат врз резултатот од вонтелесното оплодување” од авторот доц. д-р Зоранчо Петановски, наменет за студентите од трет циклус студии по клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**: Ракописот „Фактори кои влијаат врз резултатот од вонтелесното оплодување“ од авторот доц. д-р Зоранчо Петановски е наменет за трет циклус студии, студиска програма Клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, по предметот Репродуктивна ендокринологија и инфертилитет, втор семестар со број на ЕКТС кредити 7. Обемот и содржината на ракописот, монографијата ги задоволува критериумите и е во согласност со наставната програма на постдипломските студии по клиничка медицина.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот е напишан на 185 страници, А4 формат, со 60 табели, 56 графикони и 13 слики. Поделен е во 5 поглавја (вовед, контролирана оваријална стимулација и вонтелесно оплодување, фактори кои влијаат врз успехот од вонтелесното оплодување, резултати, дискусија и заклучоци). Според обемот и содржината на ракописот задоволени се критериумите од Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Колку што им е познато на рецензентите, не е објавена слична монографија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Краток опис на содржината:** Во поглавјето *Вовед* се дадени дефиницијата на стерилитетот и вонтелесното оплодување. Во поглавјето *Контролирана оваријална стимулација* се дава хронолошки преглед на историјата на гонадотропините и клиничките искуства. Во поглавјето *Фактори кои влијаат врз успехот од вонтелесното оплодување* се наведуваат најчестите фактори со импакт врз резултатите од вонтелесното оплодување како староста на пациентката, избор на гонадотропините за контролираната оваријална стимулација, дебелината, пушењето, техниките на ембрио-трансфер. Поглавјето *Резултати* ги дава резултатите од испитувањата на горенаведените фактори и нивното влијание врз резултатот од вонтелесното оплодување. Во поглавјето *Дискусија и заклучоци* низ споредбена анализа на сопствените резултати со веќе објавените научни сознанија во

оваа област се дава еден преглед за дефинирање на текот на процесот на вонтелесното оплодување и можностите за унапредување на оваа постапка.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот за монографија „Фактори кои влијаат врз резултатот од вонтелесното оплодување“ од доц. д-р Зоранчо Петановски е наменет за трет циклус студии, програма Клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, по предметот Репродуктивна ендокринологија и инфертилитет, и опфаќа сублимат на содржини кои се корисни за студентите на трет циклус студии од областа клиничка медицина. Со издавање на оваа монографија студентите имаат можност да го изучуваат потребниот материјал на македонски јазик.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за монографија, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на ФМН при УГД – Штип ракописот **„Фактори кои влијаат врз резултатот од вонтелесното оплодување“ од авторот доц. д-р Зоранчо Петановски да биде издаден како монографија за студентите на трет циклус студии по клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Глигор Димитров, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Ѓорѓи Бабушку, редовен професор, с.р.**
**Д-р Милка Здравковска, редовен професор, с.р.**